# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 13, година LIII**
**Петок, 28.10.2022**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за констатирање престанок на мандатот на Јасмина Буневска Талевска член на Советот на Општината Битола

Се објавува Заклучокот за констатирање престанок на мандатот на Јасмина Буневска Талевска член на Советот на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.10.2022 година.

Бр. 08-1168/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
28.10.2022 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — Тони Коњановски

Врз основа на член 46 став 1 алинеа 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 8 од Изборниот законик - пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“бр.40/06...99/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.10.2022 година, донесе

### З А К Л У Ч О К
### за констатирање престанок на мандатот на Јасмина Буневска Талевска член на Советот на Општината Битола

1. Се констатира престанок на мандатот на Јасмина Буневска Талевска член на Советот на Општината Битола, сметано од 26.10.2022 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-166/3 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.10.2022 г. — на Советот на Општината
Б и т о л а — Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија

Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.10.2022 година.

Бр. 08-1168/2 — ГРАДОНАЧАЛНИК
28.10.2022 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) и член 9 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.15/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.10.2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за избор на претседател и членови на Верификационата комисија

1. Се избираат претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Битола во состав:

Претседател: Ѓорѓи Ѓорѓиевски
Членови:
1. Елена Кромидаровска
2. Петар Николовски
3. Марта Ѓоргиевска
4. Сашо Никовски

2. Верификационата комисија, врз основа на известувањето од Општинската изборна комисија, како и по утврдувањето на идентитетот, поднесува извештај до Советот со предлог за верификација на мандатот на членот на Советот на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-166/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.10.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Битола

Се објавува Одлуката за верификација на мандатот на членот на Советот на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.10.2022 година.

Бр. 08-1168/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.10.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.10.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Битола

**Член 1**

Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општината Битола Кети Неделковска, избрана на локалните избори одржани на 17.10.2021 година од листата на кандидати на Најдоброто за мојата општина.

**Член 2**

Мандатот на новоизбраниот член на Советот ќе трае до крајот на мандатот на членовите на Советот на Општината Битола.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-166/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.10.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на ПС-ОН Битола во текот на првото полугодие од 2022 година

Се објавува Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на ПС-ОН Битола во текот на првото полугодие од 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 26.10.2022 година.

Бр. 08-1168/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.10.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 25 став 1 од Законот за полиција („Сл.Весник на РМ“ бр.114/2006..64/2018 и „Сл.Весник на РСМ“бр.294/2021 и 89/2022) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.10.2022 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на ПС-ОН Битола во текот на прво полугодие од 2022 година

1. СЕ УСВОЈУВА Информација за безбедносната состојба на подрачјето на ПС-ОН Битола во текот на прво полугодие од 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-166/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.10.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година

Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.10.2022 година.

Бр. 08-1168/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.10.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05,04/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12, 192/15, 167/16 и 151/2021),Советот на Општина Битола на 18-та седница, одржана на 26.10.2022 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **БИТОЛА**
За **2022** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина БИТОЛА за 2022 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| **А00** | **СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | |
| 742114 | Приходи од европската унија | 0 | 0 | 19.635.612 | 0 |
| | | **0** | **0** | **19.635.612** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **G20** | **ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ** | | | | |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 45.278 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 0 | 14.073 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 12.237 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 293.693 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 19.123.485 | 0 |
| | | **0** | **0** | **19.635.612** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Битола .

Бр. 09-166/7

Претседател на Советот на Општината
**Габриела Илиевска**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.10.2022 година.

Бр. 08-1168/6
28.10.2022 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05,04/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12, 192/15 167/16 и 151/21 ),Советот на Општина Битола на 18 -та седница, одржана на 26.10.2022 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БИТОЛА**

**за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БИТОЛА за 2022 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | -2.118.338 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 485230 | Компјутерстки софтвер | -1.420.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **G10** | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 0 | 64.170 | 0 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 0 |
| 425970 | Консултантски услуги | 0 | 0 | 0 | -131.584 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 0 | 0 | 328.048 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 0 | -186.634 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 0 | -124.000 | 0 |
| **G20** | **ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 2.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **GD0** | **ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ** | | | | | |
| 482830 | Реконструкција на капацитети во енергетиката | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 482110 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на ули | -404.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 5.001.329 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JI0** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВ** | | | | | |
| 482310 | Подготвување проекти, вклучувајќи дизајн на пре | -76.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482320 | Изградба на пречистителни станици и колектори | -1.711.406 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482330 | Реконструкција на пречистителни станици и коле | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JL0** | **ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | -2.133.883 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Битола .

Бр. 09-166/8
26.10.2022

Претседател на Советот на Општината
**Габриела Илиевска**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Годишниот план за спречување на корупција и судирот на интереси на Општина Битола 2022/2023 година

Се објавува Годишниот план за спречување на корупција и судирот на интереси на Општина Битола 2022/2023 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.10.2022 година.

Бр. 08-1168/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.10.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.10.2022 година, донесе

## ГОДИШЕН ПЛАН
## за спречување на корупцијата и судирот на интереси

### 1. Вовед

Корупцијата е еден од главните предизвици и опасности за демократското општество и владеењето на правото, поради што нејзиното спречување и превенција е предуслов за добро управување и функционирање на институциите во согласност со Уставот, законите, меѓународните и националните етички кодекси. Независноста, професионалноста и етичноста во извршувањето на надлежностите утврдени со закон, првенствено се гарантираат преку зајакнување на интегритетот на институциите, односно преку зајакнување на системот на политики, стандарди и процедури воспоставени од институциите. Општина Битола е посветена на одржување на високи правни, етички и морални стандарди, почитување на принципите на интегритет, објективност и непристрасност и со својот начин на работа се бори против корупцијата и судирот на интереси.

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ" бр.12/2019) под корупција се подразбира: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг", а „под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Интегритет е квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, како и извештаите на други релевантни организации континуирано укажуваат на неповолните состојби во справувањето со корупцијата. Истражувањата на перцепцијата на граѓаните покажуваат прифаќање на корупцијата како начин на живеење. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување.

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување случаи кога постојат сомнежи за корупција.

Усвојувањето и примената на антикорупциски планови е во согласнпост со Националната стратегија за спречување на

корупцијата и судирот на интереси за периодот 2021-2025 година. Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси е документ во кој се дефинирани надлежностите, областите, процесите и процедурите кои се ризични од аспект на појава на различни видови на корупција. Со него се предлагаат начини на управувањето со ризикот, односно начинот на негово намалување. Со примената на акциониот план, општината како единица за локална самоуправа го зајакнува својот капацитет за заштита, застапување и остварување на јавниот интерес на локалната заедница. Со создавање на адекватен локален антикорупциски механизам ќе се обезбеди транспарентна работа на органите на локалната самоуправа, локалните јавни претпријатија, локалните јавни установи, единките корисници, како и транспарентно креирање и трошење на буџетот на општината.

Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Општина Битола е документ кој го усвојува Советот на општината. Тој го опфаќа периодот од октомври 2022 година до октомври 2023 година. Со реализација на неговите мерки и цели ќе се обезбеди подигање на довербата кон општинските органи, јавни служби и установи основани од општината, ефикасно користење на јавните ресурси, како и јакнење на демократијата и општествените вредности.

## 2. Правни прописи и методологија

Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Општина Битола е изготвен согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“ бр.12/2019), Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 и Насоките за процена на ризик од институционална корупција на Државната комисија за спречување на корупцијата. Во насока на активно спречување на корупцијата, Општина Битола антикорупциската политика ја базира на следниве законски и подзаконски акти: Кривичниот законик, Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на РМ“ бр.196/2015, бр.35/2018, бр.257/2020), Законот за лобирање („Службен весник на РМ“ бр.106/2008, бр.135/2011 и бр.122/2021), Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на РМ“ бр.90/2009, бр.12/2011, бр.бр.188/2013 и бр.192/2015), Кодексот на административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.183/2014). Во заложбите на меѓународната заедница во борбата против корупцијата донесени се: Конвенцијата на Обединетите нации против корупција и Цивилната конвенција за спречување корупција. Република Северна Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и истите претставуваат дел од домашното законодавство.

## 3. Цели на годишниот план за антикорупција

Годишниот акциски план за антикорупција се фокусира на реализација на шест цели преку кои ќе се намали системската осетливост на корупција во рамките на Општина Битола, и тоа:

1. Зголемување на нивото на политичка одговорност и демонстрирана волја за борба против корупција;
2. Спроведување на надлежностите на локалната самоуправа на законит, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин;
3. Јакнење на интегритетот и отчетноста, зголемување на транспарентноста и одговорноста на вработените кон граѓаните, како и подобрување на ефикасноста во работењето;
4. Јакнење на надзорните и контролните механизми, кои ја ограничат и спречат можноста за злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист;
5. Дигитализација во јавните служби;
6. Еднаков третман кон граѓаните во добивањето на услуги од страна на општинската администрација;

## 4. Начела и вредности на кои се темели годишниот план

Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Општина Битола е превентивен антикорупциски механизам и механизам за воведување на

начелото за добро управување во работата на органите и службите на општината. Тој поаѓа од **општо прифатените ризици на корупција кои се заеднички за јавниот сектор**, а кои можат да се идентификуваат и на локално ниво. Станува збор за следниве појави:

- Постоење на големи дискрециони овластувања во кои органот, службата, телото или службеникот донесува одредена одлука, односно отсуство на јасни, прецизни и однапред утврдени услови, критериуми и мерила за донесување на одлуки. Дискреционите овластувања во донесувањето на поединечни одлуки нужно мораат да постојат, но прашање е каков е нивниот карактер и на кој начин се ограничени. Со други зборови, ако тие овластувања не се ограничени и однапред познати на сите учесници во еден процес на донесување на одлука, тие можат лесно да доведат до корупција.
- Отсуство на транспарентност во работата. Корупцијата настанува во главно таму каде што не постојат можности таа да се открие. Како што отсуството на јавноста во работата е потенцијална причина за појава на корупција, така зголемувањето на јавноста во работењето е неопходна мерка за превенција на корупцијата.
- Отсуство на одговорност за работата, која во себе може да содржи: отсуство на образложение за донесената одлука, отсуство на преиспитување за донесената одлука, отсуство на извештаи за работењето, како и отсуство на морална, политичка, дисциплинска и прекршочна одговорност.
- Отсуство на адекватен надзор и контрола, без разлика дали таа доаѓа одвнатре или однадвор (од други органи, институции или од јавниоста). Начелно, не би требало да постои ниту една ситуација во која постапувањето на некој орган на власт не подлежи на нечиј надзор. Дури и највисоките органи на власта се наоѓаат во системот „проверка и рамнотежа“ кој произлегува од демократското начело на власта. Ако нема надзорен механизам или ако тој не е ефикасен, можностите дека ќе се појави корупција се зголемуваат.

Вредности на кои се темели Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси на општината, како и процесот на неговото усвојување, примена и пратење се истите оние вредности на кои се темели концептот на добро управување:

- Одговорност : целокупниот систем на локална самоуправа, односно органите на локланата самоуправа, јавните служби, јавните претпријатија и другите корисници на средства од буџетот, како и граѓаните треба да бидат свесни за својата улога односно за својата одговорност во остварувањето на целите на овој документ;
- Транспарентност: со оглед на тоа дека јавноста во работењето се промовира како една од основните бариери за појава на корупција, целокупниот процес на усвојување, исполнување и реализација на годишниот план треба да е достапен до јавноста. Јавноста треба да го знае начинот на кој е усвоен овој документ, каков е статусот на мерките и активностите кои се содржани во него;
- Партиципација, односно учество на граѓаните и локалната заедница. Иако носител на планот е општината и активностите предвидени во него треба да ги спроведат органите и службите на општината, ефектите и резултатите на овој документ треба да ги почуствува целата локална заедница.
- Ефикасност и ефективнмост: процесот на усвојување, примена и реализација на годишниот план за спречување на корупцијата е потребно да се реализира со сите расположливи ресурси и капацитети, за да се добие максимален ефект, затоа што корупцијата и нејзините штетни последици се појави на кои тереба да се реагира ефикасно, брзо и одлучно.
- Годишниот план за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Општина Битола ги одразува специфичностите и потебите на општината како единица на локална самоуправа.

**5. Области кои се осетливи на корупција**

Активностите кои се предвидени со планот се многу конкретни, настанати како резултат на самопроценка на изложеноста на институцијата на ризиците за појава и развој на корупција. Дијагностицирани и селектирани се приоритетни области со кои би можело да се минимизираат ризиците од

корупција. При тоа, идентификувани се мерки за нивно надминување. Станува збор за следниве области:

**Област 1: Зајакнување на капацитетите на граѓанскиот надзор и контрола во процесот на планирање и реализација на буџетот на општината**

**Цел 1.1: Воспоставен ефикасен систем на информирање и вклучување на јавноста во процесот на планирање и надзор на трошење на буџетот на општината**

**Опис на област 1**: Буџетот на општината е правен документ кој ги утврдува планот на приходите и расходите за една календарска година. Тој ја претставува една од најважните локални јавни политики и претставува основен инструмент за реализација на проектите од значење за јавниот интерес на локалната заедница. Без добро испланиран, доволно транспарентен и оптимално контролиран буџет, се појавува ризикот од неадекватно трошење на буџетот, односно трошење кое не одговара на стварните потреби на локалната заедница. Во услови на лошо планирање, недоволна транспарентност и непостоење на екстерен надзор над трошењето на буџетот, се појавува можност од појава на ризици на корупција, чиј што заеднички именител е злоупотреба на јавните средства за различни приватни интереси, кои можат да бидат лични, групни или интереси на политички партии.

Општина Битола континуирано настојува процесот на управување со локалниот буџет да биде отворен за јавноста, односно отпорен на ризиците од корупција, отпорен на постоење на дискрециони одлуки и на непланско и неадекватно трошење преку воведување на јавна расправа за локалниот буџет. Покрај јавните расправи, како една од најприфатените форми за вклучување на јавноста во изработката на локалниот буџет, се спроведуваат активности за подобро информирање на јавноста за буџетскиот циклус и детално известување за реализацијата односно трошењето на јавните средства. Посебно влимание треба да се посвети на изввестување на граѓаните за состојбата на буџетот, и тоа на начин, форма и јазик кој ќе биде разбирлив на најширок можен круг на граѓани.

**Област 2: Јавни набавки/ планирање и спроведување на постапките**

**Цел 2.1: Намалување и контрола на дискреционите овластувања при донесување на одлуки за видот на јавни набавки кој ќе биде распишан**

**Цел 2.2: Зголемување на транспарентноиста и контролата на набавките**

**Опис на област 2:** Јавните набавки, согласно нивната природа, перманентно се наоѓаат во фокусот на различни антикорупциски јавни политики. Спречувањето на корупцијата и неправилностите во постапките за јавни набавки често се наоѓа во колизија со барањата за зголемена ефикасност на постапките, односно со зголемувањето на брзината на набавка на потребните добра и услуги. Барањата за обезбедување на конкуренција на пазарот овозможува намалување на потенцијалните коруптивни влијанија. Со цел да се заштити јавниот интерес, да се добие најдобра вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во постапките за јавна набавка и правичен третмана на понудувачите, потребно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност на процесите, зајакнување на капацитетите со квалификуван и обучен кадар за спроведување на набавки, засилување на контролата и личниот интегритет на лицата вклучени во нивното спроведување.

**Област 3: Зајакнување на интерните механизми за контрола во организационите единици на општинската администрација (спроведување надзор)**

**Цел 3.1: Спроведување на работните процеси на законит, одговорен и ефективен начин**

**Опис на област 3:** Воведувањето на електронскиот систем за управување со работни процеси и документи (ДМС) овозможува оптимизација и дигитализација на работните процеси во институциите, како и воведување на унифицирано канцелариско и архивско работење. ДМС системот овозможува унифицирана работа на институциите согласно законската регулатива и максимално се спротиставува на коруптивното работење кое е овозножено со локални и периодични правила во работењето кои се надвор од законската регулатива. Системот овозможува генерирање на извештаи кои покажуваат дали одреден службеник ја завршил неговата работа, а во исто време ваквите податоци водат кон јасен траг за евентуални злоупотреби на службрената должност. Работењето во ДМС мора да се подржува и наградува бидејќи претставува основа за антикорупциско однесување и алатка за побрзо и поквалитетно давање на услугите кон граѓаните и заедницата. Зголемувањето на употребата на електронски системи за уравување со работни процеси и документација во институциите и бројот на дигитализирани процеси, води кон комплетно дигитално работење и намалување на можностите за коруптивно однесување.

**Област 4: Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето – проактивна транспарентност**

**Цел 4.1: Обезбедување на поголема видливост и достапност на информациите од работењето на општината**

**Опис на област 4:** Областа транспарентност се однесува на политиките, активностите и мерките што општината ги презема да ги информира граѓаните за својата работа. Во време на лесно достапни можности за пласирање на информации или дезинформации, голема е можноста граѓаните да се здобијат со погрешни сознанија во однос на работата на инстиуциите, како и во однос на корупцијата и она што таа го претставува. Општина Битола обезбедува пристап и можност на целокупната јавност да има увид во нејзиното работење. Тоа е овозможено преку транспарентно и навремено објавување на информации за нејзината работа. Притоа општината, ги користи и сите расположливи ресурси за споделување на информации и податоци во однос на корупцијата и мерките кои ги презема за да се спречи нејзината појава.

**Област 5: Постапување по пријави на укажувачи**

**Цел 5.1: Потполна примена и пратење на прописите од областа на заштитата на укажувачите**

**Опис на област 4:** Со пријавите за сомнеж на корупција од страна на вработените (укажувачите) или корисниците на услугите се овозможува откривање и санкционирање на потенцијалните случаи на корупција. Во исто време овој механизам има и превентивна улога, затоа што неговото постоење ги намалува потенцијалните коруптивни активности. Механизмите за пријави на сомнежи за корупција или други неправилности треба детално да се разгледаат за да се овозможи нивно функционирање. Покрај тоа, заштитата на укажувачите е посебен предизвик во оваа област, на кој што треба да се обрати посебно внимание. Оваа област е регулирана со Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на РМ“ бр.196/2015, бр.35/2018, бр.257/2020). Со годишниот план за сопречување на корупција треба да се зајакни механизмот за примена и пратење на Законот и интерниот акт, и тоа пред се преку известување на вработените за правата и обврските кои произлегуваат од правната рамка и воспоставување на задолжителен механизам за известување за примената на интерниот акт.

Составен дел на годишниот план е **акционен план** во кој детално се разработени идентификуваните мерки со активности и индикатори. Важен момент за имплементација на Планот се ресурсите.Човечките ресурси се најважниот столб од аспект на очекуваните резултати. Јакнењето на интегритетот на човечките ресурси е клучна алатка за да се исполнат догорочните определби утврдени со

Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025: највисоки етички вредности и интегритет, што на сите граѓани им овозможува еднаков пристап до одговорни и транспарентни институции и почитување на човековите права и слободи.

**ОБЛАСТ 1: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ГРАЃАНСКИОТ НАДЗОР И КОНТРОЛА НА ПРОЦЕСОТ НА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

**Цел 1.1: Воспоставен ефикасен систем на информирање и вклучување на јавноста во процесот на планирање и надзор на трошење на буџетот на општината**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Воспоставување на обврска за адекватно вклучување на јавноста во процесот на планирање и припрема на буџетот | 1.Организирање на јавна расправа за планирање и подготовка на буџетот на општината за 2023 година (буџетски форум)<br><br>2.Истражување на приоритети на локалната заедница<br><br>3.Систематизирање, анализа и објавување на резултатите од вклучувањето на јавноста во процесот на планирање и припрема на буџетот за 2023 година | Сектор за финансиски прашања/одделение за буџетска координација/ раководител на одделение | Октомври/ноември 2022 година | 1.Спроведени шест буџетски форумски сесии за подготовка на општинскиот буџет<br><br>2.Јавно објавување на анализата за барањата на јавноста | Има<br><br>нема |
| 2.Планирање на буџетот на општината за 2023 година согласно јавно утврдените приоритетни области | 1.Планирање на буџетот согласно реалните потреби | Сите релевантни организациони единици во општината/одделение за буџетска координација | Октомври/ноември 2022 | 1.Доставени барања од организационите единици на општината со детално образложение на оправданоста на потребата | нема |
| 3.Известување, транспарентност на трошењето на средствата планирани | 1.Воспоставување на обврска за редовно известување на | 1.Одделени за буџетска координација | Континуирано | 1.Јавно објавување на квартали извештаи за | Нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| со годишниот буџет | јавноста за реализацијата на општинскиот буџет | 2.сите релевантни организациони единици во општината | Март 2023 | реализација на буџетот<br><br>2.Јавно објавување на извештаи за реализацијата на програмите со вклучување на индикатори на реализацијата на програмите и постигнати цели | нема |

**ОБЛАСТ 2: ЈАВНИ НАБАВКИ / ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ**

**Цел 2.1: Намалување и контрола на дискреционите овластувања при донесување на одлуки за видот на јавни набавки кој ќе биде распишан**
**Цел 2.2: Зголемување на транспарентноиста и контролата на набавките**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Економично,ефикасно и ефективно користење на средствата наменети за спроведување на постапки за доделување на договори за јавни набавки | 1.Реално проценување на вредноста на секој договор за јавна набавка со пресметување на вкупниот износ за реализирање на договорот, имајќи ги во предвид пазарните услови и секое евентуално зголемување на вредноста на договорот кои можат да се предвидат во моментот на проценка | Сите релевантни организациони единици во општината/одделение за јавни набавки | 10 јануари 2023 | Спроведени постапки за доделување на договори за јавна набавка во рамките на проценетите средства | има |
| 2.Зајакнување на капацитетите на лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации | 1.Спроведување на обуки за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување на способност | Сектор за финансиски прашања/одделение за јавни набавки/раководител на одделение | континуирано | Број на спроведени обуки годишно | има |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.Спречување на влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации на постапките за набавка заради давање на предност на одредена фирма | 1.Пријавување на обиди за влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации на постапките за набавка до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи | Сите службени лица кои подготвуваат технички спецификации | континуирано | Број на доставени пријави до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи | нема |
| 4.Спречување на влијание врз членовите на комисиите за јавни набавки заради фаворизирање на одредена фирма | 1.Пријавување на обиди за влијание врз членовите на комисиите до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи | Сите службени лица назначени за членови на комисии за јавни набавки | континуирано | Број на доставени пријави до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи | нема |

**ОБЛАСТ 3: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНТЕРНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА КОНТРОЛА ВО ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА (СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАДЗОР)**

**Цел 3.1: Спроведување на работните процеси на законит, одговорен и ефективен начин**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Зајакнување на механизмите за контрола на одвивањето на процесите во општината преку воведување на систем за електронско управување со работни процеси и документација (ДМС) | 1.Набавка на електронски систем за управување со работни процеси и документација | Сектор за правно нормативни, административни и општи работи/помошник раководител на сектор | Април 2023 година | Обезбеден електронски систем за управување со работни процеси и документација | Има |
| | 2.Воведување на електронски систем за управување со работни процеси и документација | Сите релевантни организациони единици во општината/секретар | Октомври 2023 година | Воспоставен функционален информатички систем за електронско управување со работни процеси и документација | Има |

**ОБЛАСТ 4: ЈАКНЕЊЕ НА АЛАТКИТЕ ЗА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО – ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ**

**Цел 4.1: Обезбедување на поголема достапност и видливост на информациите од работењето на општината**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Зголемување на пристапноста и функционалноста на алатките за информирање на граѓаните | 1.Изработка на нова веб страна на општината која ќе овозможи полесен пристап и поголема видливост на основните инфопрмации и услуги од работењето на општината | Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија/ раководител на одделение за информатичка технологија и Сектор за правно нормативни, административни и општи работи / раководител на одделение за административни и општи работи | Мај 2023 година | Нова веб страна на општината со поголема функционалност, видливост и можност за побрз пристап до клучни информации и услуги од работењето | Има |

**ОБЛАСТ 5: ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ НА УКАЖУВАЧИ**

**Цел 5.1: Потполна примена и пратење на прописите од областа на заштитата на укажувачите**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок на реализација | Индикатор за исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Подигање на свеста за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачи и упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување на заштита на личните податоци на укажувачите | 1.Запознавање на вработените во општината со Законот за заштита на укажувачите и Упатството за прием од укажувачи<br><br>2.Обезбедување на поголема транспарентност на постапката за поднесување на пријави од укажувачи | Лице задолжено за пријави од укажувачи | Континуирано<br><br>Мај 2023 година | Број на поднесени пријави од укажувачи кои се вработени во општината<br><br>Креирање посебен дел на веб страната (банер, помени) за пријави од граѓани како укажувачи | Нема<br><br>нема |

Бр.09-166/9
26.10.2022 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2022 година

Се објавува Програмата за измени на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2022 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.10.2022 година.

Бр. 08-1168/8
28.10.2022 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 94 став (4) од Законот за градежно земјиште („Службен Весник на РМ”бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19) и член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.10.2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2022 година

1. Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2022 година („Службен Гласник на Општина Битола“ бр.22/2021, 05/2022, 07/2022, 08/2022, 09/2022, 11/2022 и 12/2022) се вршат измени и дополнувања во делот на Планирани расходи за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2022 година и после извршените измени истите гласат:

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2022 година

| ред. бр. | шифра | Извор на приходи | Буџет 2022 | I измени и дополнување | II измени и дополнување (I Ребаланс) | IV измени и дополнување | V измени и дополнување | VI измени и дополнување (II Ребаланс) | VII измени и дополнување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 717137 | Надоместок за уредување на градежното земјиште | 80.000.000,00 | 80.000.000,00 | 80.000.000,00 | 80.000.000,00 | 80.000.000,00 | 80.000.000,00 | 80.000.000,00 |
| 2. | 713311 | Данок на промет на недвижности | 66.000.000,00 | 60.400.000,00 | 2.300.000,00 | 2.300.000,00 | 2.300.000,00 | 14.715.985,00 | 13.300.000,00 |
| 3. | 741115 | Дотации од ДДВ | 104.000.000,00 | 104.000.000,00 | 104.000.000,00 | 100.153.614,00 | 100.153.614,00 | 100.153.614,00 | 100.153.614,00 |
| 4. | 742144 | Донации од ЕУ | 5.623.157,00 | 5.623.157,00 | 5.623.157,00 | 5.623.157,00 | 5.623.157,00 | 5.623.157,00 | 5.623.157,00 |
| 5. | 713111 | Данок на имот од физички лица | 1.779.852,00 | 1.779.852,00 | 42.615,00 | 42.615,00 | 42.615,00 | 42.615,00 | 58.600,00 |
| 6. | 718138 | Надоместок за производство на електрична енергја од фосилни горива | 0,00 | 0,00 | 15.124.445,00 | 15.124.445,00 | 15.124.445,00 | 15.124.445,00 | 15.124.445,00 |
| | | ВКУПНО: | 257.403.009,00 | 251.803.009,00 | 207.090.217,00 | 203.243.831,00 | 197.243.831,00 | 215.659.816,00 | 214.259.816,00 |

# ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2022 година

| Ред. број | Програма | Буџет | Ставка | Планирани работи за изведување | Буџет 2022 | I измени и дополнување | II измени и дополнување (I Ребаланс) | III измени и дополнување | IV измени и дополнување | V измени и дополнување | VI измени и дополнување (II Ребаланс) | VII измени и дополнување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **ЈД0** | **Основен буџет** | **482120** | **Изградба на улици, патишта и автопати** | **36.329.321,00** | **37.559.321,00** | **15.572.819,00** | **15.572.819,00** | **15.572.819,00** | **15.572.819,00** | **15.748.238,00** | **15.748.238,00** |
| 1.1 | | | | дел од ул.„Крушевска Република“ во АРМ | 19.200.000,00 | 19.116.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 1.2 | | | | Локален пат за с.Дихово | 5.697.913,00 | 5.639.044,00 | 5.639.044,00 | 5.639.044,00 | 5.639.044,00 | 5.639.044,00 | 5.883.659,00 | 5.883.659,00 |
| 1.3 | | | | ул.„Стара Чешма“ | 3.460.906,00 | 3.460.906,00 | 3.460.906,00 | 3.460.906,00 | 3.460.906,00 | 3.460.906,00 | 3.391.710,00 | 3.391.710,00 |
| 1.4 | | | | ул.„16-та“ | 5.000.000,00 | 6.372.869,00 | 6.372.869,00 | 6.372.869,00 | 6.372.869,00 | 6.372.869,00 | 6.372.869,00 | 6.372.869,00 |
| 1.5 | | | | ул.„Ѓорги Димитров“ | 2.970.502,00 | 2.970.502,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **2.** | **ЈИ0** | **Основен буџет** | **482320** | **Изградба на с-ми за одведување иепречистување на отпадни води** | **2.000.000,00** | **2.000.000,00** | **9.500.000,00** | **9.500.000,00** | **9.500.000,00** | **9.500.000,00** | **16.688.487,00** | **14.977.081,00** |
| 2.1 | | | | ул.„16-та“ | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 6.717.081,00 | 6.717.081,00 |
| 2.2 | | | | Секундарна мрежа за колектор Б.чешма-Ц.петли | 0,00 | 0,00 | 7.400.000,00 | 7.400.000,00 | 7.400.000,00 | 7.400.000,00 | 8.200.000,00 | 8.160.000,00 |
| 2.3 | | | | ул.„Ѓорги Димитров“ | 0,00 | 0,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| 2.4 | | | | Фекална канализациона мрежа на ул. СТУ3 во АРМ Четврт 1 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.671.406,00 | 0,00 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **3.** | **РА** | **Фосилни горива** | **482320** | **Изградба на с-ми за одведување иепречистување на отпадни води** | **10.235.538,00** | **10.235.538,00** | **12.182.430,00** | **12.182.430,00** | **13.282.430,00** | **13.282.430,00** | **13.282.430,00** | **13.282.430,00** |
| 3.1 | | | | Секундарна мрежа за колектор Б.чешма-Ц.петли | 7.400.000,00 | 7.400.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2.482.430,00 |
| 3.2 | | | | ул.„Ѓорги Димитров“ | 2,835.538,00 | 2,835.538,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3.3 | | | | Колектор за с.Брусник | 0,00 | 0,00 | 9.700.000,00 | 9.700.000,00 | 9.700.000,00 | 9.700.000,00 | 9.700.000,00 | 9.700.000,00 |
| 3.4 | | | | Фекална канализациона мрежа на ул. СТУ3 во АРМ Четврт 1 | 0,00 | 0,00 | 2.482.430,00 | 2.482.430,00 | 2.482.430,00 | 2.482.430,00 | 2.482.430,00 | 0,00 |
| 3.5 | | | | Фекална и атмосферска канализациона мрежа на ул.„СТУ1“ во АРМ Четврт 1 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.100.000,00 | 1.100.000,00 | 1.100.000,00 | 1.100.000,00 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **4.** | **ЈГ0** | **Основен буџет** | **482720** | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | **334.651,00** | **334.651,00** | **100.000,00** | **100.000,00** | **996.280,00** | **996.280,00** | **2.490.728,00** | **2.490.728,00** |
| 4.1 | | | | ул.„Ѓорги Димитров“ | 334.651,00 | 334.651,00 | 40.000,00 | 40.000,00 | 40.000,00 | 40.000,00 | 40.000,00 | 40.000,00 |
| 4.2 | | | | ул.„Довлеџик“ | 0,00 | 0.00 | 60.000,00 | 60.000,00 | 60.000,00 | 60.000,00 | 1.554.448,00 | 1.554.448,00 |
| 4.3 | | | | ул.„СРУ5“ во АРМ Четврт 1 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 453.109,00 | 453.109,00 | 453.109,00 | 453.109,00 |
| 4.4 | | | | ул.„СТУ1“ во АРМ Четврт 1 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 443.171,00 | 443.171,00 | 443.171,00 | 443.171,00 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **5.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482920** | **Изградба на други објекти** | **6.000.000,00** | **6.000.000,00** | **3.000.000,00** | **3.000.000,00** | **7.260.649,00** | **1.260.649,00** | **5.097.064,00** | **5.097.064,00** |
| 5.1 | | | | Парк во Нова Битола | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 6.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 5.2 | | | | Парк „Симпо“ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.260.649,00 | 1.260.649,00 | 1.564.376,00 | 1.564.376,00 |
| 5.3 | | | | Парк „Смилевски конгрес“ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2.263.658,00 | 2.263.658,00 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.4 | | | | Парк „Мирка Гинова“ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.269.030,00 | 1.269.030,00 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **6.** | **ГД0** | **Основ енбуџет** | **482820** | **Изградба на капацитети во енергетиката** | **3.875.000,00** | **3.875.000,00** | **3.875.000,00** | **3.875.000,00** | **3.875.000,00** | **3.875.000,00** | **0,00** | **0,00** |
| 6.1 | | | | Изградба на трафостаница кај стадион под „Тумбе Кафе“ | 3.875.000,00 | 3.875.000,00 | 3.875.000,00 | 3.875.000,00 | 3.875.000,00 | 3.875.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **7.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482940** | **Надзор над изградбата** | **1.600.000,00** | **1.600.000,00** | **1.600.000,00** | **1.600.000,00** | **1.600.000,00** | **1.600.000,00** | **1.600.000,00** | **1.600.000,00** |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО I:** | **60.374.510,00** | **61.604.510,00** | **45.830.249,00** | **45.830.249,00** | **52.087.178,00** | **46.087.178,00** | **54.906.947,00** | **53.195.541,00** |
| | | | | | | | | | | | | |
| **8.** | **ЈД0** | **Основен буџет** | **482130** | **Реконструкција/ Рехабилитација на улици, патишта и автопати** | **102.238.252,00** | **101.619.114,00** | **68.724.529,00** | **68.724.529,00** | **63.005.675,00** | **63.005.675,00** | **72.568.785,00** | **77.570.114,00** |
| 8.1 | | | | ул.„АСНОМ“ | 3.868.315,00 | 2.638.215,00 | 2.638.215,00 | 2.638.215,00 | 2.638.215,00 | 2.638.215,00 | 2.831.503,00 | 2.831.503,00 |
| 8.2 | | | | Санација со гранитни плочки (Широк сокак и Стара чаршија) | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 1.589.000,00 | 1.589.000,00 |
| 8.3 | | | | Санација на тротоари и улици со бехатон | 10.000.000,00 | 10.000.000,00 | 10.000.000,00 | 10.000.000,00 | 10.000.000,00 | 7.000.000,00 | 8.170.077,00 | 14.000.000,00 |
| 8.4 | | | | Санација на коловози со тампон | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| 8.5 | | | | Санација на ударни дупки со асфалт и камена коцка | 4.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 |
| 8.6 | | | | Санација на коловоз со пластичен асфалт | 0,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| 8.7 | | | | Реконструкција на дел од коловоз заради лизгање на земјиште с.Ореово | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 8.8 | | | | ул.„Македонска фаланга“ | 13.910.030,00 | 13.910.030,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 8.9 | | | | ул.„Цане Василев“ | 3.950.591,00 | 3.950.591,00 | 3.950.591,00 | 3.950.591,00 | 3.950.591,00 | 3.950.591,00 | 3.950.591,00 | 3.950.591,00 |
| 8.10 | | | | ул.„Кленовец“ | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 5.946.026,00 | 5.946.026,00 |
| 8.11 | | | | Рехабилитација на ул.„28-ма“ | 1.617.674,00 | 1.367.974,00 | 1.367.974,00 | 1.367.974,00 | 1.367.974,00 | 1.367.974,00 | 1.614.209,00 | 1.614.209,00 |
